Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2026 Сеп 25; 6:31-32.
https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6885
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2026 - „ТРЕНДОВИ ВО ЕНДОДОНЦИЈАТА“*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Хируршка асистенција во дентална имплантологија

Буњамин Џафери[1,2*]

[1]ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Џафери Б: Хируршка асистенција во дентална имплантологија. Макед Мед Електр С. 2026 Сеп 25; 6:31-32. https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6885
Клучни зборови: дентална имплантологија; хируршка асистенција; дентален асистент; имплантолошки инструменти; хируршки протоколи; имплантолошка хирургија; тимска работа; фантомски модели; клиничка пракса.
***Кореспонденција:** Буњамин Џафери, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија. E-mail: bunjamin.xhaferi@dm.mit.edu.mk
Примено: 11-Авг-2026
Ревидирано: 01-Сеп-2026
Прифатено: 20-Сеп -2026
Печатарски права: © 2026 Буњамин Џафери.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

ВОВЕД: Денталната имплантологија претставува комплексна клиничка област во која успешната имплантолошка интервенција зависи не само од стручноста на операторот, туку и од добро координираната работа на целиот имплантолошки тим. Денталниот асистент има значајна улога во подготовката на пациентот, организирањето на оперативното поле, правилното ракување со инструментите и обезбедувањето непречен тек на хируршката процедура. Целта на работилницата е да ги запознае денталните асистенти со основните принципи, инструменти, материјали и протоколи за асистирање при имплантолошки хируршки интервенции.

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ: Во теоретскиот дел ќе бидат обработени улогата и одговорностите на денталниот асистент како интегрален член на имплантолошкиот тим, како и подготовката и организацијата пред имплантолошка интервенција. Ќе бидат разгледани основите на планирањето на процедурата, радиолошката и хируршката подготовка, подготовката на пациентот и оперативното поле, како и имплантолошките и хируршките инструменти и нивната правилна употреба. Посебно внимание ќе биде посветено на хронологијата на имплантолошката процедура, асептичните принципи, организацијата на инструментариумот и координацијата помеѓу операторот и асистентот во текот на интервенцијата.

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ: Практичниот дел е насочен кон стекнување конкретни практични вештини за асистирање при имплантолошки интервенции. Учесниците ќе работат на фантомски модели, каде што ќе се запознаат со подготовката и распоредот на инструментите, асистирањето при различни фази од имплантолошката процедура и правилното ракување со материјалите и инструментите. Во рамките на практичната обука ќе бидат демонстрирани и симулирани реални клинички ситуации, со можност за работа во реално време со пациенти под водство на искусни експерти. Посебен акцент ќе биде ставен на тимската работа, ефикасната комуникација и навременото предвидување на потребите на операторот за време на хируршката интервенција.

ЗАКЛУЧОК: Соодветно обучениот дентален асистент претставува значаен фактор за безбедно, организирано и ефикасно спроведување на имплантолошката интервенција. Комбинацијата на теоретско знаење, практична обука и симулација овозможува стекнување на сигурност и компетенции за активно учество во имплантолошкиот тим. Работилницата има за цел стекнатите знаења и вештини да можат непосредно да се применат во секојдневната клиничка пракса, придонесувајќи кон подобра организација, ефикасност и безбедност при имплантолошките процедури.

Surgical assistance in dental implantology

Bunjamin Dzaferi[1,2]*

[1]University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Dzaferi B. Surgical assistance in dental implantology. Maced Med Electr J. 2026 Sep 25; 6:31-32. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6885
Keywords: dental implantology; surgical assistance; dental assistant; implant instruments; surgical protocols; implant surgery; teamwork; phantom models; clinical practice.
***Correspondence:** Bunjamin Dzaferi, University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia.
E-mail: bunjamin.xhaferi@dm.mit.edu.mk
Received: 11-Aug-2026
Revised: 01-Sep-2026
Accepted: 20-Sep-2026
Copyright: © 2026 Bunjamin Dzaferi.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

INTRODUCTION: Dental implantology is a complex clinical field in which the success of an implant procedure depends not only on the expertise of the operator but also on the well-coordinated work of the entire implantology team. The dental assistant plays an important role in patient preparation, organization of the surgical field, proper handling of instruments, and ensuring a smooth and efficient surgical procedure. The aim of this workshop is to familiarize dental assistants with the fundamental principles, instruments, materials, and protocols for assisting during implant surgical procedures.

THEORETICAL PART: The theoretical part will cover the role and responsibilities of the dental assistant as an integral member of the implantology team, as well as the preparation and organization required before an implant procedure. The fundamentals of procedure planning, radiological and surgical preparation, patient and operative field preparation, and the appropriate use of implantological and surgical instruments will be discussed. Particular attention will be given to the chronology of the implant procedure, principles of asepsis, instrument organization, and effective coordination between the operator and the dental assistant throughout the intervention.

PRACTICAL PART: The practical part is focused on developing specific skills required for assisting during implant surgical procedures. Participants will work on phantom models, where they will become familiar with instrument preparation and organization, assistance during different stages of the implant procedure, and the proper handling of instruments and materials. Realistic clinical situations will also be demonstrated and simulated, with the opportunity for participants to assist in real time during procedures on patients under the supervision of experienced experts. Particular emphasis will be placed on teamwork, effective communication, and anticipating the operator's needs during the surgical intervention.

CONCLUSION: A properly trained dental assistant represents an important factor in the safe, organized, and efficient performance of implant surgical procedures. Combining theoretical knowledge with practical training and simulation enables participants to develop confidence and competencies for active participation within the implantology team. The workshop aims to provide participants with knowledge and practical skills that can be immediately applied in everyday clinical practice, contributing to improved organization, efficiency, and safety during dental implant procedures.